Согласно член 25 од Статутот на Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, Претседателката на Комората на седница на Управен Одбор одржана на 14.02.2024 год. поднесува

ПРЕДЛОГ-ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕВКУПНИ АКТИВНОСТИ И РАБОТА НА КОМОРАТА ЗА 2023 ГОДИНА

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА 2023 год.

| *Вкупен број* | *2023* |
|---|---|
| *КАНДИДАТИ ЗА ОСПОСОБУВАЊЕ.......................... вкупно* | **548** |
| 1. *За физичко обезбедување* | 527 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 21 |
| *КАНДИДАТИ - ПОЛАГАЛЕ СТРУЧЕН ИСПИТ........вкупно* | **486** |
| 1. *За физичко обезбедување* | 466 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 20 |
| *ИЗДАДЕНИ ЛИЦЕНЦИ ...............................................вкупно* | **480** |
| 1. *За физичко обезбедување* | 461 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 19 |
| *ИЗДАДЕНИ ЛЕГИТИМАЦИИ.....................................вкупно* | **263** |
| 1. *За физичко обезбедување* | 259 |
| 2. *За техничко обезбедување* | 4 |
| *ДОЗВОЛИ ЗА РАБОТА (ИЗДАДЕНИ ОД МВР) ........ вкупно* | **12** |
| • *За сопствени потреби* | 5 |
| • *Агенции за обезбедување -физичко* | 5 |
| • *Агенции за обезбедување -техничко* | 2 |

Во тек на 2023 година, Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување ги реализираше следните активности:
20-21.02.2023 – Работна посета во Словенечката зборница за приватно обезбедување и Управата за цивилна заштита во Република Словенија.
Претседателката на Комората на РСМ за приватно обезбедување Верица Милеска Стефановска ја предводеше македонската делегација во состав проф.д-р Марјан Ѓуровски Претседател на Комитетот МКД НАТО 2030 при Министерството за одбрана на РСМ и проф.д-р Оливер Бакрески член на Поткомитетот за кризен менаџмент при Министерството за одбрана во работна посета на Словенечката зборница за приватно обезбедување и Управата за заштита и спасување на Р.Словенија.
Во рамки на проектот МКД НАТО 2030 и за потребите на реформскиот процес кој се спроведува и каде што покрај повеќе организации и академската зедница партиципираат и претставници од Комората на РСМ за приватно обезбедување, македонската делегација оствари работна посета во Словенечката зборница за приватно обезбедување и Управата за цивилна заштита односно Образовниот центар за цивилна заштита при министертво за одбрана на Р.Словенија. Македонската делегација беше примена од Државниот секретар на МО на РС г-дин Руди Медвед и Директорот на Управата г-дин Леон Бехин.

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

Помеѓу останатото на средбата беше разговарано и за поставеноста и функционирањето на системот за заштита на критичната инфраструктура. Посетата беше заокружена со работна средба со г-дин Бранко Слак претседател на Зборница за развој на словенското приватно обезбедување при што се разговараше за позитивните искуства од меѓуинституционалната соработка на јавната и приватната безбедност и улогата на приватниот безбедносен сектор во системот на национална заштита.
23.02.2023-Секторски комитет за социјален дијалог, состанок на работна група, Брисел, Белгија.
Секретарката на Комората м-р Сања Керметчиева учествуваше на состанокот на работната група на Секторскиот комитет за социјален дијалог што се одржа во Брисел на 23.02.2023 год. во организација на Европската комисија, Генералниот директорат за вработување, социјални работи и инклузија.
24.02.2023-Завршна конференција за ЕУ проект Интел, Брисел
Секретарката на Комората м-р Сања Керметчиева присуствуваше на завршната конференција на ЕУ проектот „ИНТЕЛ-различност, еднаквост и инклузија во приватното обезбедување" којашто се одржа во Брисел. Проектот Интел претставува партнерски проект на Коес и Униевропа, ко-финансиран од Европската Унија, а се однесува на подобрување на вработувањето во секторот приватно обезбедување преку унапредување на вештините и знаењата, како и преку имплементирање на диверсифициран, инклузивен и различен пристап во процесот на вработување на работна сила.
28.02.2023 – Работилница за критична инфраструктура.
За своите членки Комората беше организираше  презрентација на Предлог Законот за критична инфраструктура. Експерти предавачи на оваа работилница беа: Проф д-р Роберт Микац, меѓународен експерт на Обенинети нации за критична инфраструктура и Проф д-р Марјан Ѓуровски, претседателот на комитоеот при Мо за изработка на предлог решенија на Закон за заштита на КИ и кризен менаџмент.
Програмата за работилницата опфаќаше: Предлог Законско регулирање на критична инфраструктура; ЕУ Директива за отпорност на критична инфраструктура; Местото и улогата на недржавните актери и секторот приватно обезбедување и др.
08.03.2023 – Редовна седница на Собрание на Комората, Центар за обука на МВР.
Во редовниот дел од седницата на Собранието беа усвоени: Извештај за севкупни активности и работа на Комората за 2022 год; Финансиски извештај на Комората за 2022 год. и усвојување на завршна сметка за 2022 год; Програма за работа за 2023 год;
Дополнително, на седницата се обрати Лидија Петрова Мојсовска, началничка на Сектор за оружје, експлозивни и опасни материи, агенции за обезбедување и детективска дејност, при Оддел за граѓански работи во Министерството за внатрешни работи и ја претстави работата на предлог законот за измени и дополнувања на законот за оружјето.
Во оваа прилика началничката Петрова Мојсовска посебно укажа  на роковите за сите граѓани и правни субјекти и обрските кои ги имаат за замена на дозволите за поседување на оружје и овластувањата за носење на оружје, барањето за замена на постојните дозволи и потребните прилози.
Началничката Петрова Мојсовска пред членовите на собранието на Комората го претстави и работењето на Комисијата за надзор и контрола во однос на

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

издадени/одземени дозволи за приватно обезбедување и реализирани надзори во 2022 год.

Дополнително на седницата свое обраќање имаше Проф. Д-р Марјан Ѓуровски, Претседател на Комитетот МКД НАТО 2030 при Министерството за одбрана и ја претстави работата на поткомитетите за изготвување на предлог акти за: Закон за критичната инфраструктура; Закон за кризен менаџмент и Националната стратегија за безбедност.

13.03.2023 – Одбележување на 42 години од формирање на Специјална Антитерористичка Единица при МВР.

По повод одбележување на 42 години од формирањето на Специјалната Антитерористичка Единица – Тигар, при Министерството за внатрешни работи на Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска и беше доделена плакета за успешна соработка и поддршка на единицата, што претставува уште една потврда за воспоставената долгогодишна соработка помеѓу Комората за приватно обезбедување и Министерството за внатрешни работи, а во насока на унапредување на заемната соработка и координација меѓу приватната и јавната безбедност во нашата држава.

14.03.2023 – Работна средба меѓу претставници на Здружението на новинари на Македонија и Комората за приватно обезбедување.

Во просториите на Комората за приватно обезбедување се одржа работна средба меѓу претставници на Здружението на новинари на Македонија и Комората за приватно обезбедување. На средбата беа истакнати предизвиците со кои се соочуваат медиумските работници и вршителите на приватното работење во своите професии во сферите на меѓусебна координација и особено беше истакната потребата од заемно вложување во унапредување на соработката и комуникацијата меѓу новинарите, снимателите, фото-репортерите и работниците за приватното обезбедување.

16.03.2023 – Стручно предавање -Бизнис-деловно разузнавање

Вршители на дејноста приватно обезбедување присуствуваа на стручно предавање на темата: бизнис-деловно разузнавање, од Проф д-р Драган Триван, коешто се одржа на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје.

07.04.2023-Одбранбен форум 2023, Скопје

Во рамки на Одбранбениот форум 2023, кој го организираше Министерството за одбрана по повод членството во НАТО беше истакната посветеноста на реформа и зајакнување на одбранбениот систем, вклучувајќи ја заштитата на критичната инфраструктура, кризниот менаџмент, цивилната структура и др. Свечено обраќање имаа: Министерката за одбрана Славјанка Петровска; амбасадорката на САД Анџела Агелер; Генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг; Директорот на Фондацијата Конрад Аденауер Даниел Браун и Претседателката на Комората за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска.

Претседателката на Комората за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска го истакна значењето на приватното обезбедување во заштита на критичната инфраструктура, којашто е од витален интерес за секоја држава, но воедно и со пошироко, регионално влијание поради интерконекцијата и можноста од нескакни

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

домино ефекти. Воедно, нагласи дека секторот приватно обезбедување ќе вложува во натамошен напредок и квалитет.
Програмата за првиот Одбранбен форум 2023 опфати 5 панел дискусии, меѓу кои и посебен панел насловен „Приватното обезбедување и одбанбено-безбедносниот систем-идни можности и соработка“. Модератор на панелот за приватното обезбедување беше м-р Сања Керметчиева, а панелисти беа: Проф д-р Јасмин Ахиќ, Декан на Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедност од Сараево, м-р Верица Милеска Стефановска, Претседателката на Комората за приватно обезбедување, Проф д-р Александра Деаноска Трендафилова, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје и Проф д-р Оливер Бакрески, Про-декан на Филозофскиот факултет, Скопје. Во овој панел беше укажано на значењето и улогата на приватното обезбедување особено во заштита на критичната инфраструктура, беше појаснета улогата на Комората за приватно обезбедување во Предлогот на Законот за критична инфреаструктура, потребата од вложување во квалитет на дејноста, предизвиците на соработка помеѓу јавната и приватната безбедност итн.
11/12 и 19/20.04. 2023 – Специјализирана дводневна обука „Јавна и приватна безбедност-заедно можеме повеќе“
Овие две специјализирани обуки беа реализирани во партнерска соработка со Бирото за јавна безбедност при МВР и Комората за приватно обезбедување. Директорот на БЈБ м-р Сашо Тасевски и Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска ја нагласија потребата од постојано вложување во унапредување на знаењата и вештините на полициските службеници и на работниците за приватно обезбедување, натамошна професионализација во примена на јавните овластувања и заложба за непосредна соработка и координација, а се во функција на безбедноста на граѓаните, имотот и заедницата.
Обуката беше наменета за полициски службеници и вршители на приватно обезбедување, со цел заемно запознавање со делокругот на работење и регулативата за јавната и приватната безбедност, превенција, комуникација, непосредна соработка и координација и сл. Оваа специјализирана обука посвети особено внимание на специфични аспекти од работењето во делот на: обезбедување на спортски натпревари и јавни манифестации, обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки, начин на примена на средства за присилба, законски обврски за писмен извештај итн. Посебна вредност на специјализираната обука претставува практичниот дел со вежби и игри на улоги, дискусијата и анализата на примери од пракса и најдобри практики со што се очекува да се придонесе за унапредување на работењето на полициските службеници и на вршителите на приватно обезбедување.
13.04.2023- Работен состанок за Национална развојна стратегија
Претседателката на Комората на РСМ за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска учествуваше на работен состанок за изработка на Националната развојна стратегија, на кој присуствуваа претставници од стопанските комори во РСМ и претставниците од работната група. На средбата присутните беа запознаени со досегашните резултати во процесот на подготовка на НРС, се разговараше за следните чекори во процесот и за предложената рамка за критериуми за избор на стратешките области во рамките на стратегијата. Заменикот на Претседателот на Владата задолжен

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, г-дин Фатмир Битиќи, го отвори состанокот со воведно обраќање, давајќи идеи за следниот период во процесот на подготовка на Националната развојна стратегија. Овој проект на Владата на Република Северна Македонија е поддржан од Фондот за добро владеење на Британската амбасада во Скопје и од Министерството за финансии на Република Словачка. Процесот на создавање на НРС се реализира во партнерство со Канцеларијата на Постојаниот координатор на Обединетите Нации и Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП. Финалниот документ се очекува да биде готов до крајот на 2023 година и преку НРС да се мапираат тековните и постоечките предизвици на општеството и да се изградат соодветни капацитети, со цел државата да биде подготвена и да може успешно да се соочи со тие предизвици.

24.04.2023-Националната конвенција за Европската унија во РС Македонија, Клуб на пратеници, Скопје

Секретаркат на Комората м-р Сања Керметчиева присуствуваше на единаесеттата сесија на Работна група – 4, Правда, слобода и безбедност (Поглавје 24) која дејствува во рамките на Националната конвенција за Европската унија во РС Македонија (НКЕУ-МК), што се оддржа на 24.04.2023 год. во „Клуб на пратеници" во Скопје. Темата на сесијата беше: „Зајакнување на отпорноста и подобрување на капацитетите за одговор на хибридните закани".

27.04.2023 – Меѓународна конференција: Приватна заштита 2023, во Загреб

Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска имаше свое обраќање во својство на воведничар на панелот насловен "Доживотно образование и вештини во индустријата приватна заштита", укажувајќу на важноста на континуираната едукација на вршителите на приватно обезбедување за унапредување на дејноста и ги претстави активностите на Комората за приватно обезбедување за организирање на специјализирани обуки за различни области. Воедно, во рамки на панелот се дискутираше за знаењата и вештините потребни за обезбедување на критична инфраструктура, обезбедување на работна сила во секторот и сл.

04.05.2023 год. – Прва Визионерска работилница за Националната развојна стратегија-заедничка надворешна и безбедносно-одбранбена политика.

Во рамки на оваа визионерска работилница е формирана посебна група за приватно обезбедување, која што ги претстави состојбите, предизвиците и визијата на приватниот безбедносен сектор како чинител со своја позиција и улога во националниот безбедносен систем.

09.05.2023 – Комората за приватно обезбедување беше домаќин на група студенти од Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет, УКИМ.

Студенти од завршна, четврта година од прв циклус студии на насоката приватна и корпоративна безбедност и имаа прилика да се запознаат со функционирањето на приватниот безбедносен сектор и работата на Комората на РСМ за приватно обезбедување.

10.05.2023- Стручни предавања на тема „Дејноста приватно обезбедување-регулатива, искуства и предизвици"

Стручните предавања на тема „Дејноста приватно обезбедување-регулатива, искуства и предизвици" одржани од Проф д-р Јасмин Ахиќ, Декан на Факултетот за

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

криминалистика, криминологија и безбедносни студии во Сараево на темата „Приватното обезбедување во заштита на критична инфраструктура„ и Проф д-р Желимир Кешетовиќ, од Факултетот за безбедност од Белград на темата „Кризно комуницирање како клучна функција на кризен менаџмент“ понудија нови знаења, споделени искуства и современи практики во области кои се актуелни и потребни за вршителите на приватното обезбедување во насока на натамошно унапредување и професионализација.

30.05.2023-Меѓународна регионална конференција “Секторот приватна безбедност-заштита на критична инфраструктура (сертификати), нови технологии, јавни набавки, едукација на вработени”, Белград. Р.Србија

Претседателката на Комората имаше обраќање на меѓународната регионална конференција, која беше во организација на Стопанската Комора на Србија и учествуваше на посебен панел за приватно обезбедување.

31.05.2023 –Работен состанок, Белград.

Во рамки на проектот „Инклузивен Омнибус-дигитална училница за различна работна сила“се одржа работен состанок на кој присуствуваа претставници од партнерските организации од Македонија, Србија, Романија и Словенија кои ги ревидираа спроведените и ги дефинираа натамошните активности на проектот. На состанокот присуствуваа и Извршната директорка на Коес Г-ѓа Катерине Пиана и претставник на Хрватскиот цех на заштитари, кои изнесоа свои ставови во однос на потребата од континуирана едукација и придобивките од меѓународна соработка.

15.06.2023-Стручна конференција “Приватна заштита-услужна стопанска дејност” Сараево. БиХ

Претседателката на Комората имаше своја презентација на темата “Улогата на струковите комори во креирање на работен амбиент”.Во рамки на конференцијата беше организиран посебен панел за компаративен приказ на функционирањето на приватното обезбедување во регионот на Македонија, Србија и Хрватска.

04-07.09.2023 – Меѓународна конференција “Времени безбедносни бранувања или нова светска архитектура на безбедноста”, Дојран

На свеченото отварање на конференцијата свое обраќање имаа Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска, Министерката за одбрана Славјанка Петровска, Проф.Др Ратко Дуев, декан на Филозофски Факултет-Скопје, Градоначалникот на Дојран – Анго Ангов и Проф.Д.р Тања Милошевска -Институт за безбедност, одбрана и мир од Скопје. Конференцијата е во организација на Филозофскиот Факултет Скопје , Институт за безбедност, обрана и мир.

07.09.2023 – Тренинг центар BYA, Стокхлом, Шведска

Студиска посета на тренинг центарот BYA на организацијата за приватно обезбедување на Шведска. Тренинг центарот има високо развиени програми за обука кои одговараат на потребите на работодавачите и воедно се прилагодени на можностите на работниците за приватно обезбедување. Оваа студиска посета овозможи увид во напредни практики и искуства и идни можности за соработка.

27-28.09.2023, Попова Шапка , Работилница за проценка на концептот за заштита на меки цели од терористички напади-ОБСЕ

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска и Генералната секретарка м-р Сања Керметчиева учествуваа на специјализирана работилница за заштита на меки цели од тероризам. Посебен фокус беше посветен и на координацијата и соработката на чинителите коишто се вклучени во заштита и превенција.

03.10.2023 – Факултет за криминалистика, криминологија и безбедносни студии, Сараево. БиХ

Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска имаше работна средба со Деканот на Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии во Сараево Проф д-р Јасмин Ахиќ и одржа предавање пред студентите на темата: Развојот на приватното обезбедување во Р.С.Македонија.

04.10.2023 – Меѓународна конференција “Crime, forensis, securitas- 30 godina u BiH” – Сараево. БиХ

Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска присуствуваше на меѓународната конференција “Crime, forensis, securitas- 30 godina u BiH” со што Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии од Сараево ја одбелеза 30 годишнина од своето основање. По повод овој јубилеј Комората на факултетот додели благодарница за остварената блиска соработка и несебичен придонес за раст и развој на приватниот безбедносен сектор, преку размена на знаења, искуства и практики

05.10.2023 – Регионалната конференција за обука и вмрежување на ЕПАЛЕ амбасадори, Скопје

Секретарката на Комората за приватно обезбедување м-р Сања Керметчиева учестуваше во Регионалната конференција за обука и вмрежување на ЕПАЛЕ амбасадори, што беше организирана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, кога ги претстави активностите на Комората за унапредување на знаењата и вештините на вршителите приватно обезбедување и доживотно учење, со фокус на проектите Треин Бреин Софт и Инклузивен омнибус.

06.10.2023 – Работна посета на Комората на Босна и Херцеговина за приватно обезбедување

Претседателката на Комората за приватно обезбедување м-р Верица Милеска Стефановска имаше работна посета на Комората на Босна и Херцеговина за приватно обезбедување, кога размени искуства и практики со колегите од Сараево во однос на досегашното работење. Воедно, работната средба беше искористена за поставување на заеднички цели во соработката, се во насока на унапредување на работењето на вршителите на приватно обезбедување.

25.10.2023-Адрија секјурити самит, Љубљана

Комората за приватно обезбедување по осми пат е партнерска организација на Адрија секјурити самитот, што се одржа во Љубљана, Словенија. Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска учестуваше во панел дискусија на темата Жените во приватната безбедност.

26.10.2023-Љубљана, Словенија

Во рамки на проектот “Инклузивен омнибус-дигитална училница за различна работна сила” се одржа работен состанок на партнерските организации од Македонија, Словенија, Романија и Србија кога беа договорени финалните активности на проектот.

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

13.11.2023 – 30 години ЗРСЗВ, Љубљана, Словенија
Претседателката на Комората м-р Верица Милеска Стефановска учествуваше на меѓународната конференција на Словенечката зборница за обезбедување а по повод јубилејот 30 години од нивно основање. Во оваа прилика на Комората и беше доделена благодарница за успешна заедничката соработка.
23.11.2023-Трет годишен Самит на Национална платформа за женско претприемништво
Како потписничка на Декларацијата за женско претприемништво Претседателката на Комората на РСМ за приватно обезбедување и генералната секретарка на Комората присуствуваа на третиот самит на Национална платформа за женско претприемништво.
13.12.2023 – Шестата пленарна конференција -Национална конвенција за Европска Унија
Генералната секретарка на Комората за приватно обезбедување м-р Сања Керметчиева на 13.12.2023 год учествуваше на Шестата пленарна конференција "Национална конвенција за Европска Унија: Темелите на општествени вредности за европска иднина"
Изработено и отпечатено пишано дело-стручна литература од областа приватно обезбедување „Стратегиско планирање и безбедносни процени" од автор д-р Оливер Бакрески.
Во тек на 2023год. интензивно се работеше и на стручна литература од областа на приватната безбедност . Темата за стратегиско планирање и безбедносни проценки е исклучително значајна во секторот приватно обезбедување. Планирањето на безбедносните мерки во приватниот безбедносен сектор е важна процесна функција и таа особено со носење на законотот за критична инфраструктура ќе стане уште посложена и поспецифична стручна активност. Безбедносната проценка е прв и основен чекор во планирањето на безбедносните мерки и постапки. Потребата да се одговори професионално на се посложените потреби, загрозувања и ризици е во директна корелација со процесот на учење или едукација на оваа сеште недоволно позната перспектива, аради што публикацијата ќе претставува богат извор на знаења од областа.
На 04 и 05.08.2023 и 01 и 02.09.2023 Комората за потербите на сопственото обезбедување за Алкалоид АД, Скопје организираше две дводневни специјализирани обуки за начинот на користење на овластувањата на вработените во службата за приватно обезбедување, со посебен осврт на техники за употреба на средства за присилба; техники на преглед на лица и багаж; задржување и постапување со лице затечено во извршување на кривично дело во обезбедуваниот простор; проценка на ранливост, загрозеност и ризици; административни и безбедносни зони; справување и менацирање со ризик и конфликти и др. Оваа обука опфати теоретски предавања и практични вежби, коишто се специфично креирани за потребите и состојбите во компанијата, а со цел унапредување на знаењата и вештините на вработените, како и примена на наученото преку практични вежби по сценарио. Обуката ја спроведува Проф д-р Злате Димовски.
19 и 20.10.2023 Комората спроведе специјализирана дводневна обука за сопствено обезбедување за работените во приватното обезбедување во ЈП Паркови и зеленило. Оваа обука понуди унапредување на теоретски знаења во однос на примена на јавнните овластувања на работниците за приватно обезбедување, но и вежби по сценарио за непосредна примена на наученото во случајот на приватно обезбедување за сопствени

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

потреби на ЈП Паркови и зеленила. Обуката ја спроведува Проф д-р Злате Димовски, од Факултетот за безбедност во Скопје.
04.07.2023 Комората спроведе специјализирана обука за техничко обезбедување и противпожарна заштита за потребите на службата за обезбедување за сопствени потреби на НБРСМ.
02 и 03.11.2023 – Спроведовме специјализирана обука за приватно обезбедување во НБРСМ која опфати едукација, обука и вежба за противпожарна заштита, со особен фокус на: гаснење на пожар, спасување и евакуација и давање на прва, помош на повредени лица од пожар во НБРСМ; Правилно постапување на вработените во случај на ситуација на појава на пожар,спасување и евакуација; Меѓусебна Координација на единицата за противпожарна заштита Употреба на соодветни лични заштитни средства и опрема; Евакуација на вработените и сл.
06 и 07.12.2023 Комората сшроведе специјализирана дводневна обука за вработените во МЗТ заеднички работи, Скопје, кои дејноста приватно обезбедување ја вршат во вид на давање на услуги. Обуката е организирана со цел унапредување на теоретски знаења во однос на примена на јавните овластувања на работниците за приватно обезбедување, но и вежби по сценарио за непосредна примена на наученото во случајот на приватно обезбедување во вид на давање на услуги МЗТ Заеднички работи, Скопје. Обуката ја спроведува Проф д-р Злате Димовски, од Факултетот за безбедност во Скопје.
20 и 21.12.2023 Комората спроведе специјализирана обука за приватно обезбедување за сопствени потреби за ЕСМ Електростопанство на Македонија – РЕК БИТОЛА. Земајќи ја предвид важноста за безбедноста на објектот кој е значаен за енергетскиот систем како дел од критичната инфраструктура во Р.С.Македонија и со најголем термо- капацитет во државата,дводневната обука опфати теоретскиот аспект на примена на јавните овластувања за приватно обезбедување кај правните лица коишто имаат сопствено обезбедување и практични вежби кои ќе помогнат за правилно постапување на вработените во сите безбедности ситуации. Обуката ја спроведе Проф д-р Злате Димовски од Факултет за безбедност, Скопје

АПЛИКАЦИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ:

- „Бизнис бустер за приватна безбедност“-апликација на јавен повик за финансирање на проекти од обласа на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на Град Скопје за 2023 година;
- „Пеперутка-зајакнување на жените за лидерство и менаџмент во приватното обезбедување“ -повик на Консалтинг за стратешки развој во рамки на проект финансиран од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД): Активноста за јакнење на деловниот екосистем.

## ПРОЕКТ „ПОРТОКАЛОВА ДЛАНКА-ОБЕДИНЕТИ ВО АКТИВИЗАМ ПРОТИВ НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ ДЕВОЈЧИЊАТА“

Активности за Портокалов ден од 25.05 до 25.12.2023 година:

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

Комората на РСМ за приватно обезбедување во 2023 год. реализираше проект насловен „Портокалова дланка- обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“.

Овој проект се однесува на ефикасно и ефективно обединување на секторот приватно обезбедување во активизам за подигнување на свеста против родово базирано насилство и испраќање на гласна и јасна порака за нулта толеранција на секаква форма на насилство. Целта е правилно информирање на вршителите во секторот приватно обезбедување за сите форми на родово-базирано насилство, за родовите стереотипи и предрасуди во однос на вршење приватно обезбедување, со намера за надминување на родовите бариери и сите предизвици со кои се соочуваат вработените.

Поектот „Портокалова дланка“ е поддржа од Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Град Скопје, Сојузот на стопански комори, Здружението на новинари, академската заедница, ЗРСЗВ-Словенија, ХЦЗ-Хрватска, ПКС-Србија и Факултетот за криминалистика, криминологија и Факултетот за криминалистика, криминологија и безбедносни студии при универзитетот во Сараево.

Во својот концепт проектот „Портокалова дланка“ опфати 3 носечки активности.

1. ПОРТОКАЛОВ ДЕН кој го обежезавме секој 25-ти ден во месецот, започнувајки од мај 2023, заклучно со 25.12.2023, кога беа испраќани порака насочена кон приватниот безбедносен сектор за нулта толеранција за физичко, психичко или било какво насилство врз жените и девојчињата. Симболиката е секако поради денот 25.11 кога се одбележува Интернационалниот ден за елиминација на насилство врз жените и девојчињата. Со оваа активност тежнееме да допреме до секој работник и работничка за приватно обезбедување, до секоја мисла и до секое срце, да развиеме свест, емпатија, знаење дека е недозволиво и никако не смее да се толерира било какво насилство врз жени и девојчиња, физичко, психичко, на работно место, дома, директно, преку социјални медиуми, демнење итн. И ова не само меѓу вработените во компаниите за приватно обезбедување, туку и на местата кадешто работниците за приватно обезбедување ги извршуваат своите работни задачи, на аеродроми, железници, во шопинг молови, болници, фабрики, училишта итн.

<u>25.05.2023 – м-р Верица Милеска Стефановска, претседателка на Комората на РСМ за приватно обезбедување:</u>

„Комората за приватно обезбедување започнува со реализација на проект Портокалова дланка-обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата- што ќе претставува кампања на приватниот безбедносен сектор за подигнување на свеста во борбата против насилство врз жените и девојчињата. Комората за приватно обезбедување ја иницира оваа кампања со цел да ги обедини вршителите на приватното обезбедување во препознавање, превенирање, спречување, пријавување на насилство врз жените и девојчињата и поддршка на жртвите на секаква форма на насилство. Обединети, ќе испратиме јасна порака за активизам и вклученост на приватното обезбедување во борбата против насилство врз жените и девојчињата.“

<u>25.06.2023 –Габриела Кулебанова, потпретседателка на ССК:</u>

„Застапеноста на приватното обезбедување во секојдневното функционирање на сите компании е неизоставен сегмент и важен фактор. Во ова време на предизвици, заеднички

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

воспоставуваме грижа за сите вработени, а воедно и меѓусебна поддршка за остварување на целите во работењето. Во основните цели се стремиме заеднички и за откривање и превенирање на родовото базирано насилство.Сојузот на стопански комори застапувајќи ја бизнис заедницата со членки од големи, средни, мали и микро компании е против секаква форма на родово базирано насилство и го поддржува проектот на Комората за приватно обезбедување за подигнување на свеста кај приватниот безбедносен сектор во борбата против родово базираното насилство. Секоја одговорна компанија се грижи за своите вработени и може да придонесе во борбата против родово базирано насилство преку креирање и имплементирање на јасни политики и процедури и вклучување во активизам како за оваа форма на насилство така и за сите останати. Родово базирано насилство предизвикува стрес, анкциозност, намалување на самодовербата и мотивацијатаи други последици на менталното и физичкото здравје на вработените. Трошоците од родово базирано насилство се пресметуваат околу 2% од светскиот ГДП (1,5 трилиони $). Заеднички, преку спроведување на информативни состаноци и одредување на правилни активности и стратегии ќе се стремиме за намалување и превенирање на овој вид на насилство, правејќи подобро општество за сите.„

25.07.2023 – д-р Весна Попоска„ Деканка на Правен факултет при Меѓународен универзитет Визион, Гостивар.

„Со ратификацијата на Истанбулската конвенција и донесување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, националниот правен систем започна да го препознава родово-базираното насилство како споделена одговорност на сите носители на јавни овластувања, вклучително и компаниите за приватно обезбедување, кои се и најприсутни како физичко обезбедување во јавниот простор. Обврската за должно внимание или due diligence и свеста за постоењето на проблемот, како и потребата за разбивање на стереотипите, помошта и прифаќањето на жртвите, но пред се, превенцијата на нова „црна хроника“ , се само дел од поширокaта кампања „Портокалова дланка“ на Комората за приватно обезбедување која приказната на 16 дена против насилство врз жените и девојчињата ја прошири ја преку целата година како постојано актуелна тема и ова нивна активност е повеќе од вредна за поддржување и споделување.“

25.08.2023 – Младен Чадиковски, Претседател на Здружението на новинарите во Македонија

„Безбедноста на новинарите е една од примарните долгорочни цели на кои ЗНМ работи изминатите години, а продолжува да работи и понатаму. Сметаме дека ова прашање е од круцијално значење затоа што секој заслужува да се чувствува безбедно на своето работно место. Работата на новинарите не е канцелариска што дополнително ги изложува на ризик, посебно новинарките, кои што според нашите податоци се многу повеќе изложени на вербален и физички напад. Родово базираното насилство доживеа експанзија со појавата на онлајн медиумите, особено со појавата на социјалните мрежи каде што колешките новинарки се жртви на вербален напад кој често пати вклучува закани по нивната безбедност и закани по живот. За некого можеби тоа звучи безопасно бидејќи се случува на компјутер, но никогаш не можеме да знаеме кога напаѓачот ќе ја помине црвената линија од закана во реализација, односно кога онлајн нападот ќе стане офлајн. Токму затоа ЗНМ смета дека промената во Кривичниот закон е навистина голем

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

успех бидејќи сега нападот на новинар се смета за напад на службено лице, што носи дополнителна заштита на колегите. Ние имаме регистар за напад на новинари каде што забележува тренд на пораст на нападите кон новинарки. Новинарките не треба и не смеат да бидат напаѓани само заради фактот што си ја вршат професионално нивната работа. Што уште поважно, секоја напад треба да се пријави бидејќи само на тој начин идните напаѓачи ќе се обесхрабрат да делуваат повторно. Праксата на неказнивост мора и треба да се смени и ЗНМ не отстапува од тоа. Токму затоа ЗНМ ја поддржува кампањата на Комората за приватно обезбедување."

25.09.2023 –Абасадор Килиан Вал, Шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје:

„Безбедност значи не само физичка безбедност, туку и ослободеност од страв. За жал, насилството врз жените и девојчињата останува континуирана закана во реалноста.
Многу е важно сите аспекти на безбедносниот сектор, приватниот и јавниот, националниот и меѓународниот да работат заедно за да ја подигнат свеста за ова прашање, бидејки заедно сме посилни и сите треба да се исправиме во напорите да се запре ова ужасно насилство."

25.10.2023 –Славјанка Петровска, Министерка за одбрана:

„Родово базираното насилство е примитивизам на кој мора да му се спротивставиме заедно и одлучно. Институциите, но и целото општество мора да го препознае сторителот и соодветно да го казни, а на жената која е жртва да и пружи рака, да ја заштити и да и помогне да закрепне и физички и психички. Нула толеранција за секаков вид на родово базирано насилство и дискриминација затоа што само така ќе можеме да создадеме свет во кој жената ќе може да го реализира својот потенцијал. И токму затоа, кампањата "Портокалова дланка" е одлична иницијатива во која се обединуваме сите заедно да кажеме НЕ на родово базираното насилство."

25.11.2023 – Оливер Спасовски, Министер за внатрешни работи:

„Изминативе години во светот и кај нас во голема мера се рушеа предрасудите околу родовото насилство, особено насилството врз жените и девојчињата. Колку повеќе се соочувавме со оваа проблематика, толку повеќе растеше свесноста за целокупната сложеност, специфичност, условеност на проблемот, односно колку и во која мера оваа социо-патолошка појава објективно ги тангира речиси сите сегменти на општественото живеење и функционирање.Во оваа прилика сакам лично, а низ призмата на полициската практика да посочам дека во поглед на насилството врз жените ние не се соочуваме само со семејната дисфункционалност, туку со низа сериозни социо-економски фактори, со културно – традиционалистички квази-вредности, со образовно-воспитни субстандарди, со социо- патолошки и криминогени фактори, кои што лежат во задникната на оваа општествено, но и индивидуално крајно сериозна проблематика.Нема дилема дека родово базираното насилство, односно Семејното насилство е сериозен проблем и бара внимание и постапување од соодветните институции по поднесена пријава, се со една единствена цел, а тоа е заштита на жртвите и казнување на сторителите на насилството. Во пресрет на глобалната акција на Обединетите Нации – 16 дена активизам против родово базирано насилство потребно е сите заедно како општество, но првенствено и како луѓе солидарни и сочувствителни едни кон други поамбициозно и поорганизирано да продолжиме во елиминирањето на ова зло – насилството кон жените и девојчињата.

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

На крајот ќе цитирам делови од Општата Декларација за правата на човекот на ООН: Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата. Секој има право на живот, слобода и на лична сигурност. Никој не смее да биде држен во ропство или ропски однос. Никој не смее да биде подложен на мачење или на сурово, нечовечко или понижувачко однесување или казнување. Сите сме еднакви пред законот и имаме право без дискриминација на еднаква заштита!. Секогаш да ги имаме на ум овие фундаментални вредности и стандарди соочени со предизвикот на родово насилство. Можеме и мораме да ги заштитиме жените и девојчињата, сите да бидеме дел од Портокаловата дланка-обединети во активизмот против насилството!„

25.12.2023- м-р Сања Керметчиева како координаторка на проектот Портокалова дланка ги истакна носечките активности во рамки на проектот во 2023 година.

„ Преку активизам и камапања за подигнување на свеста ќе ги поттикнуваме компаниите за приватно обезбедување да креираат организациска култура и политика за еднаквост, недискриминација и спречување на на секаква форма на родово базирано насилство. Ќе вложуваме во зајакнување на жените во приватното обезбедување за да зградиме едуцирани, силни, видливи, почитувани и поврзани жени. Тоа ќе придонесе за поголема вклученост на жените , напредок за компаниите и за општеството,„

На 27.11.2023 - Семинар за родови прашања во приватниот безбедносен сектор „Портокалов цвет“, Мултимедијален центар Мала Станица, Скопје.

Комората за приватно обезбедување организираше Семинар за родови прашања во приватниот безбедносен сектор „Портокалов цвет“ што се одржа на 27.11.2023 год. Во Мултимедијалниот центар „Мала станица“ во Скопје. Семинарот „Портокалов цвет“ обедини повеќе од 100 жени вработени во приватно обезбедување, безбедносни институции, професорки, студентки, претставнички од медиумите од областа на безбедноста и др. со цел за зајакнување на капацитетите на жените во приватното обезбедивање и подигнување на свеста за борбата против насилството врз жените и девојчињата. Семинарот се организира во рамки на проектот „Портокалова дланка“ – Активизам против насилство врз жените и девојчињата, со цел за ефикасно и ефективно обединување на секторот приватно обезбедување во активизам за подигнување на свеста против секаква форма на родово базирано насилство во секторот приватно обезбедување, кошто ќе ја поддржи глобалната кампања на УН Вомен „Orange the world”16 Дена активизам против насилство врз жените и девојчињата. Овој проект го реализира Комората за приватно обезбедување со поддршка на Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Мисијата на ОБСЕ.

06.12.2023 – „Портокалов феникс“, Декларација за обединето дејствување на приватниот безбедносен сектор-Денови на приватно обезбедување 2023

Во рамки на редовната годишна кампања Денови на приватно обезбедување 2023 беше организиран настан како продолжение од проектотот Портокалова дланака -обединети во активизам против насилство врз жените и девојчињата“. На настанот членките на Комората отворено и јавно потпишаа и промовираа Декларација дека ги осудуваат сите форми на насилство врз жените и девојчињата и дека во своето работење ќе се залагаат за: Создавање на приватен безбедносен сектор и заедница ослободена од родово

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024

базирано насилство, Зајакнување на сопствените компаниски и човечки капацитетите за препознавање и спречување на насилство врз жените и девојчињата; Учество и поддршка на кампањи и програми за подигање на свеста, или други форми на едукација; Промовирање на квалитетни примери за нулта толеранција за насилство врз жените и девојчињата и друг вид насилство. Во таа смисла, компаниите за приватно обезбедување отворено ја изразуваат подготвеноста да иницираат промени во организациската култура и интерното работење во насока на нулта толеранција за било каква форма на насилство. Тоа ќе се пресликува кон вработените, кон местото каде што се врши услугата односно клиентите и воопшто во заедницата.

Скопје, 14.02.2024

Претседателка
М-р Верица Милеска Стефановска

РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ 2024